НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), а во врска со точка 7 од Одлуката за утврдување на листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка и формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и извештајот за надоместоците и нивните заеднички симболи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**У П А Т С Т В О**

**за начинот на изготвување на информативниот документ за надоместоците, поимникот и извештајот за надоместоците**

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се утврдуваат:
    - начинот на изготвување и техничките стандарди коишто давателите на платежни услуги ги применуваат при изготвувањето на информативниот документ за надоместоците и поимникот;
    - начинот на изготвување и техничките стандарди коишто давателите на платежни услуги ги применуваат при изготвување на извештајот за надоместоците;

2. При изготвувањето на информативниот документ за надоместоците, поимникот и извештајот за надоместоците, давателите на платежни услуги се должни да ги користат термините и дефинициите на најрепрезентативните услуги наведени во точка 4 од Одлуката за утврдување на листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка и формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и извештајот за надоместоците и нивните заеднички симболи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22, во натамошниот текст: Одлуката).

# II. ИНФОРМАТИВЕН ДОКУМЕНТ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ

3. Давателите на платежни услуги се должни да му дадат информативен документ на потрошувачот за надоместоците за сите услуги коишто се наоѓаат на листата на најрепрезентативни услуги поврзани со платежна сметка, на хартија или друг траен носител на податоци.

4. Давателите на платежни услуги се должни да му дадат на потрошувачот „Информативен документ за надоместоците" утврден во прилогот 1 од Одлуката (во натамошниот текст: образецот ИДН, или ИДН) за секоја платежна сметка.

5. Давателите на платежни услуги се должни да го употребуваат образецот ИДН и да го пополнуваат придржувајќи се до содржината, формата, симболот, големината и стилот на фонтот, бојата, проредот и порамнувањето на текстот како што е пропишано со ова упатство истовремено почитувајќи го редоследот на информациите, насловот и поднасловот на колоните утврден во образецот ИДН. Овој образец задолжително:

   - е прикажан во формат А4, вертикална ориентација;
   - е испишан во црна и бела боја;
   - логото на давателот на платежната услуга и заедничкиот симбол може да бидат прикажани во боја при што логото на давателот на платежни услуги може да биде во боја само доколку заедничкиот симбол е во боја. Доколку е во црно-бела боја, заедничкиот симбол мора да биде јасно читлив. Доколку заедничкиот симбол е во боја, се употребува пример на боја со референтен број 0/51/153 (хексадецимален запис: 003399), модел на боја RGB за основа и пример на боја 255/204/0 (хексадецимален запис: FFCC00) во модел на боја RGB за симболот. Логото на давателот на платежните услуги е во иста величина како и заедничкиот симбол;
   - содржи наслов „Информативен документ за надоместоците" на врвот на првата страница, којшто е поставен централно и е помеѓу логото на давателот на платежните услуги во горниот лев агол на документот и заедничкиот симбол во горниот десен агол на документот;
   - содржи наслови на колоните во полутемна сива боја, употребувајќи пример на боја со референтен број 166, 166, 166 во модел на бои RGB, а поднасловите на колоните во светлосива боја, употребувајќи пример на боја со референтен број 191, 191, 191 во модел на бои RGB;
   - е во стил на фонт Ариал или друг сличен на Ариал, големина на фонт 11, освен насловот „**Информативен документ за надоместоците**", којшто задолжително е печатен со големина на задебелен фонт 16, насловите на колоните со големина на задебелен фонт 14, како и поднасловите на колоните коишто треба да бидат печатени со големина на задебелен фонт 12, освен доколку зголемувањето на големината на фонтот или употребата на Брајовото писмо за лицата со оштетен вид е договорена помеѓу потрошувачот и давателот на платежните услуги;
   - содржи заеднички симболи со димензија 2,5 см x 2,5 см прикажани во согласност со симболот поставен во десниот горен агол во образецот ИДН;
   - надоместоците во ИДН се прикажуваат во денари, а во друга валута само за нерезидентите и доколку е договорено така помеѓу давателот на платежни услуги и потрошувачот;
   - страните се нумерирани.

6. При изработката на ИДН, давателите на платежни услуги се должни за одделните најрепрезентативни услуги од листата на најрепрезентативни услуги поврзани со

платежна сметка на потрошувачите во Република Северна Македонија утврдени со точка 4 од Одлуката да ги вклучат единствено следниве надоместоци:

**6.1. Одржување на сметка**

За услугата **одржување на сметка** се вклучува месечниот надоместок за одржување сметка. Во надоместокот за оваа услуга не се вклучува надоместокот за издавање дебитна картичка, како ни надоместокот за отворање и затворање платежна сметка.

**6.2. Онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка**

За услугата **онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка** се вклучува надоместокот за месечна членарина за користење на услугите преку јавно достапна комуникациска мрежа, како што е интернет и/или мобилна апликација. Во надоместокот за оваа услуга не се вклучени надоместокот за воведување, односно договарање на услугата и надоместокот за софтверот или хардверот за остварување на конкретните активности при онлајн користењето на услугите поврзани со платежна сметка (на пример: токен или сличен уред).

**6.3. Кредитен трансфер во денари во земјата**

За услугата **кредитен трансфер во денари во земјата** се вклучуваат надоместоците за безготовински кредитни трансфери во денари во земјата коишто се прикажуваат во зависност од каналот за иницирање на трансакцијата (на пример преку интернет и/или мобилна апликација), во зависност од примачот на плаќањето (на пример во корист на физичко или правно лице кај истиот давател на платежни услуги или во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги).

**6.4. Кредитен трансфер во евра во странство**

За услугата **кредитен трансфер во евра во странство** се вклучуваат надоместоци за безготовински кредитни трансфери во евра во странство коишто се прикажуваат во зависност од каналот за иницирање на трансакцијата (на пример преку интернет и/или мобилна апликација) и во зависност од тоа дали надоместокот го плаќа плаќачот и/или примачот.

**6.5. Кредитен трансфер во валута различна од евро во странство**

За услугата **кредитен трансфер во валута различна од евро во странство** се вклучуваат надоместоците за безготовински кредитни трансфери во валута различна од евро во странство коишто се прикажуваат во зависност од каналот за иницирање на трансакцијата (на пример преку интернет и/или мобилно банкарство), како и во зависност од трошочниот елемент.

**6.6. Прилив од странство**

За услугата **прилив од странство** се вклучува надоместокот којшто му се наплатува на потрошувачот при прилив на парични средства со кредитен

трансфер од странство на платежната сметка на потрошувачот во Република Северна Македонија.

### 6.7. Траен налог

За услугата **траен налог** се вклучува надоместокот за договарање траен налог, како и надоместокот за извршување на трансакција врз основа на трајниот налог и тие надоместоци се прикажуваат во зависност од платежната сметка во чија корист се процесира (на пример платежна сметка кај давателот на платежна услуга или кај друг давател на платежна услуга во земјата).

### 6.8. Издавање на дебитна картичка

За услугата **издавање на дебитна картичка** се вклучува надоместокот за уписнина и месечна (годишна) членарина за најприфатената дебитна картичка којашто давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка најчесто им ја издава на потрошувачите.

### 6.9. Издавање на кредитна картичка

За услугата **издавање на кредитна картичка** се вклучува надоместокот за уписнина и месечна (годишна) членарина за најприфатената кредитна картичка со одложено плаќање којашто давателот на платежни услуги којшто ја одржува сметката најчесто им ја издава на потрошувачите.

### 6.10. Подигнување готовина

За услугата **подигнување готовина** се вклучуваат надоместоците за подигнување готовина без платежна картичка на шалтер кај давателот на платежната услуга и со дебитна или кредитна картичка на банкомат, а се наведуваат во зависност од тоа дали станува збор за дебитна и/или кредитна картичка, во зависност од тоа дали станува збор за банкомат на давател на платежни услуги којшто ја издал картичката или некој друг банкомат во земјата или странство. Со оваа услуга не е опфатено подигнувањето на готовина со платежна картичка на банкомат на рати.

### 6.11. Дозволено пречекорување

За услугата **дозволено пречекорување** како надоместок се вклучува номиналната годишна каматна стапка на договореното дозволено пречекорување.

## III. НАЧИН И ТЕХНИЧКИ СТАНДАРДИ НА ПОПОЛНУВАЊЕ ИДН

7. Давателите на платежни услуги се придржуваат на начинот и техничките стандарди на пополнувањето на одделните делови од ИДН утврдени со оваа глава.

### 7.1. Назив на давателот на платежни услуги

Се наведува називот на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка на потрошувачот и којшто го издава ИДН. Називот задолжително е печатен со задебелен фонт и порамнет од лево.

### 7.2. Назив на платежната сметка

7.2.1. Давателите на платежни услуги изработуваат одделен ИДН за секој вид платежна сметка (на пример платежна сметка во денари, платежна сметка во евра) и/или категорија потрошувачи (на пример вработени, пензионери, студенти, социјално чувствителни категории на потрошувачи во согласност со закон и слично) и во согласност со тоа, го определуваат називот на сметката во ИДН.

7.2.2. Доколку надоместоците во ИДН се разликуваат **само** за услугата **одржување на сметка и/или за дозволено пречекорување,** а надоместоците за сите останати услуги се еднакви, давателот на платежните услуги може да издаде единствен ИДН за повеќе видови сметки и за повеќе категории потрошувачи.

7.2.3. Давателот на платежни услуги којшто договара посебни надоместоци со одреден потрошувач (на пример: *студент*) не е обврзан да му изработи ИДН. Но, доколку притоа постои збир на потрошувачи на коишто, според однапред зададени критериуми, им се дава истата понуда, во тој случај давателот на платежни услуги треба да изработи одделен ИДН за одреден потрошувач.

7.2.4. Доколку давателот на платежни услуги нуди платежна сметка **во пакет со други услуги** поврзани со платежната сметка, начинот на изработка на ИДН и содржината се опишани во точка 11 од оваа глава.

7.2.5. За целите на привремени акции коишто траат само за краток временски период (на пример период на новогодишна акција од дд.мм.гггг до дд.мм.гггг), давателот на платежни услуги не е обврзан да изработи одделен ИДН.

7.2.6. Именувањето на платежната сметка е печатено со задебелен фонт, порамнет од лево и под називот на давателот на платежната услуга.

## 7.3. Датум

Давателот на платежните услуги го наведува датумот на којшто последно го ажурирал ИДН, во големина и стил на фонт пропишан со алинеја 6 на точка 5 од глава II од ова упатство, порамнет од лево и под името на платежната сметка.

## 7.4. Воведна изјава

Давателот на платежните услуги го наведува идентичниот текст на воведната изјава наведен во образецот од прилог бр. 1 од Одлуката со проред 1,15 и 0 (нула) точки пред и 0 (нула) точки по текстот.

Давателот на платежните услуги ги заменува квадратните загради со релевантни именувања на преддоговорните и договорните документи.

## 7.5. Табела на услуги и надоместоци

7.5.1. Во колоната ***услуги*** се наведуваат единствено терминте на најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка, пропишани со Одлуката и расчленети во соодветни поднаслови на начин како што е прикажано во табелата, како пример бр. 1 од прилог бр. 1 на ова упатство. Услугите се наведуваат во ставката „услуги" порамнето од лево и со задебелен фонт, а секоја услуга е наведена само еднаш и под соодветен поднаслов на колона во табелата (на пример, одржување платежна сметка се наведува под насловот „општи услови поврзани со одржувањето сметка").

7.5.2. Доколку во листата на најрепрезентативни услуги поврзани со платежната сметка од Одлуката не е вклучена ниту една од услугите коишто ги нудат давателите на платежни услуги, се брише цел ред со тој поднаслов, вклучувајќи го и самиот наслов на редот.

7.5.3. Во колоната ***надоместок*** се наведуваат соодветните надоместоци за најрепрезентативните услуги порамнето на десно, додека во колоната *надоместок* кај потколоната најрепрезентативни услуги може да се наведат терминте на надоместоците од тарифите на давателите на платежни услуги за надоместоци за потрошувачи (тарифа за надоместоци).

7.5.4. Доколку надоместоците се наплатуваат редовно, а не на секое користење, во колоната *надоместок* се наведува и фреквенцијата на наплата (на пример месечно, годишно и сл.), порамнето на лево, по што следува соодветен надоместок за тој период, порамнето од десно. Вкупниот годишен надоместок се наведува во колоната *вкупен годишен надоместок* непосредно под фреквенцијата, со задебелен фонт, порамнето од лево, со употреба на изразот „вкупен годишен надоместок", при што соодветниот надоместок се наведува во редот порамнето од десно. Проредот е еднократен, 0 (нула) точки пред и 0 (нула) точки по секоја услуга и надоместок.

7.5.5. Доколку во зависност од тоа дали услугата се користи преку еден или повеќе канали, како и во зависност од случаите и условите под кои се овозможува таа (на пример, *првично воспоставување на услугата и*

*подоцна надоместок за извршување на таа услуга – на пример за траен налог во корист на сметка на физички лица, правни лица на сметка кај истиот давател на платежни услуги или кај друг; месечно, годишно, телефонски, интернет, мобилна апликација, минимален или максимален износ на праг – на пример за кредитен трансфер во корист на сметка на физички лица, правни лица на сметка кај истиот давател на платежни услуги или кај друг*) давателите на платежни услуги наплатуваат одделни надоместоци, во колоната *надоместок* го наведуваат описот на надоместокот на услугата во одделен ред, со тоа што описот е порамнет од лево, а износот на надоместокот од десно, за секој опис на надоместокот, т.е. за секој од случите, канал и услов на користење.

7.5.6. Доколку давателите на платежни услуги не нудат една или повеќе од најрепрезентативните услуги или доколку услугата се нуди но само за одредена сметка, во колоната *надоместок* се наведува изразот *услугата не е достапна* порамнето од лево, а доколку давателот на платежни услуги за некоја услуга не наплатува надоместок, се наведува текст *без надоместок* порамнет од десно.

7.5.7. Доколку одделни надоместоци се наплатуваат на еден или повеќе начини, давателите на платежни услуги во колоната „надоместоци" и во одделен ред за таа услуга наведуваат, опис на секој случај, начин или услови за наплатување на надоместокот („вид надоместок"):

- за различни случаи на наплатување на надоместокот за овозможување на таа услуга, како што се надоместоците за иницијално воспоставување на таа услуга и подоцна, надоместокот за одржување на таа услуга;
- за различните начини на кои се користи или овозможува услугата, на пример телефонски, во експозитура или преку интернет;
- зависно од тоа дали за услугата се исполнети посебни услови, како што е исполнување најнизок или највисок праг за кредитен трансфер или повлекување готовина;

8. Доколку надоместоците се наплатуваат во зависност од комбинацијата на неколку видови надоместоци, како што се надоместоци коишто се разликуваат според начинот, коишто се дополнително разделени во зависност од тоа дали е исполнет одреден праг при наплата на надоместокот, давателот на платежни услуги со примена на ставот 7.5.4. од потточка 7.5 од точка 7 од оваа глава, го наведува и описот на секој дополнителен вид надоместок, порамнето од десно.

9. Доколку надоместокот за одржување сметка и/или дозволено пречекорување се разликува во зависност од категоријата на која ѝ припаѓа потрошувачот (на пример студент, пензионер, чувствителна категорија потрошувачи и сл.) давателот на платежни услуги во колоната *надоместок* одделно го наведува надоместокот за секоја категорија потрошувач за услугата одржување на сметка

и/или дозволено пречекорување, а останатите надоместоци во ИДН се еднакви за сите категории потрошувачи.

10. Давателот на платежни услуги ја брише ***табелата со сеопфатните показатели на трошоците***.

Исклучок од примерот бр. 1 од прилог бр. 1 на ова упатство при прикажување на надоместоците за услугата онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка е случајот при којшто давател на платежни услуги нуди обединета услуга на интернет и мобилна апликација. Во таков случај, давателот на платежни услуги ја наведува трговската марка веднаш до терминот на најрепрезентативната услуга онлајн во колоната *услуга*, а во колоната *надомест* ги наведува терминот на тарифната ставка, месечниот надоместок и вкупен годишен надоместок.

11. **Пакет-услуги**

11.1. Доколку давателите на платежни услуги ја нудат платежната сметка **како дел од пакет-услуги** поврзани со платежната сметка **или одделно од надоместоците за пакет-услуги** во воведниот дел на ИДН, во редот *назив на платежна сметка*, го наведуваат називот на предметниот пакет-услуги.

11.2. Давателите на платежни услуги се должни да изработат по еден ИДН за секој пакет-услуги.

11.3. Кај прикажувањето на услугите коишто се опфатени со пакетот, давателите на платежни услуги покрај најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка од Одлуката, може да наведат и други услуги поврзани со платежната сметка, но **не** и производи и услуги коишто не се поврзани со платежната сметка (на пример, медицинска помош, помош на пат, финансиско советување, осигурување и сл.).

11.4. Доколку давателите на платежни услуги пакетот-услуги поврзани со платежната сметка го наплатуваат **како дел од надоместоците за услуга одржување на сметка**, сите услуги коишто се вклучени во пакетот се наведуваат во ИДН во поднасловот *Општи услуги поврзани со платежна сметка*, во редот за пакет-услуги. Во тој случај одделната табела *Пакет-услуги*, којашто се наоѓа по табелата за *услуги и надоместоци* се брише од ИДН.

11.5. Давателите на платежни услуги за секоја услуга којашто ја надминува количината опфатена со пакетот-услуги (а којашто не е наведена во ИДН со најрепрезентативни услуги и доколку соодветниот надоместок за услугата се разликува од онаа наведена во ИДН за најрепрезентативни услуги) наведуваат информации за дополнителен надоместок, во одделна табела под назив *Информации за дополнителни услуги* на начин како што е пропишано со ова упатство.

11.6. Доколку бројот на сите услуги опфатени со пакетот-услуги не е ограничен, давателите на платежни услуги ја бришат изјавата на дното на редот *услугите коишто ги надминуваат овие количини се наплатуваат одделно*.

11.7. Доколку пакетот содржи некоја од најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка, давателот на платежни услуги не ја наведува таа услуга и надоместокот за неа во долниот дел од ИДН (на пример, онлајн, издавање кредитна картичка, дозволено пречекорување, одржување платежна сметка и сл.).

11.8. Целиот ред којшто се однесува на пакет-услуги се брише доколку пакетот-услуги не се нуди со платежна сметка и доколку пакетот-услуги се наплатува одделно од надоместокот за одржување на сметка. Исто така, во тој случај се брише и текстот *услугите кои ја надминуваат наведената количина се наплатуваат одделно*.

**12.** Давателите на платежни услуги пакетот-услуги може да го пресметуваат како **дел од надоместоците за услуги одржување на платежна сметка** (пример бр. 2 од прилогот бр. 1 на ова упатство)

**13. Прикажување пакет-услуги во ИДН коишто се наплатуваат како дел од надоместоците наведени во поднасловот „Општи услови поврзани со сметката"**

13.1. Доколку пакетот-услуги коишто се поврзани со платежната сметка се наплатува како дел од надоместоците наведени во поднасловот *Општи услови поврзани со сметката*, сите услуги вклучени во пакетот, независно од тоа дали се вклучени во листата на најрепрезентативни услуги поврзани со платежната сметка од Одлуката, се наведуваат во делот на табелата со општите услуги поврзани со сметката, во редот *пакет-услуги*.

13.2. Давателот на платежните услуги ги наведува информациите за дополнителен надоместок за секоја услуга којашто ја поминува количината којашто е опфатена со пакетот-услуги во одделна табела под наслов *Информации за дополнителни услуги*.

13.3. Доколку бројот на сите услуги коишто се опфатени со пакетот-услуги не е ограничен, давателот на платежните услуги ја брише изјавата на дното на редот *услугите коишто ја надминуваат оваа количина се наплатуваат одделно*.

13.4. Доколку пакетот-услуги се нуди со платежната сметка и доколку пакетот-услуги се наплатува одделно од кој било надоместок за општи услови поврзани со платежната сметка целиот ред којшто се однесува на пакет-услугите се брише.

**14. Прикажување пакет-услуги** во ИДН коишто се наплаќаат **одделно од надоместоците наведени во поднасловот „Општи услуги поврзани со сметката"**

14.1. Доколку давателот на платежни услуги заедно со сметката нуди пакет-услуги поврзани со платежната сметка којшто се наплатува одделно од сите други надоместоци во поднасловот *општи услови поврзани со сметката*, како што е наведено во табелата со услугите и надоместоците, давателот на платежните услуги во табелата со пакетот-услуги ги наведува следниве информации:

- преглед на сите услуги вклучени во пакетот, независно од тоа дали се вклучени во листата на најрепрезентативни услуги поврзани со платежната сметка од Одлуката.
- количината на секоја услуга којашто е опфатена со надоместокот за пакетот-услуги, што може да биде или број или назнака дека бројот на услугите не е ограничен;
- надоместок за пакет, во колона *надоместок*, порамнет од десно.

14.2. Доколку пакетот-услуги се наплатува редовно, фреквенцијата се наведува во колоната *надоместок*, порамнета од лево, а вкупниот годишен надоместок во редот непосредно пред фреквенцијата, во задебелен фонт и со употреба на изразот *вкупен годишен надоместок*.

14.3. Давателот на платежните услуги ги наведува информациите за дополнителниот надоместок за секоја услуга којшто ја поминува количината којашто е опфатена со пакетот-услуги како што е утврдено во ова упатство.

14.4. Доколку бројот на сите услуги коишто се опфатени не е ограничен, давателот на платежни услуги ја брише изјавата којашто е на дното на табелата *услугите коишто ги надминуваат овие количини се наплатуваат одделно*.

14.5. Доколку во информативниот документ за надоместоци се вклучени повеќе пакети, давателот на платежни услуги наведува информации во согласност со оваа точка во одделна табела за секој пакет, наведувајќи ја и трговската марка на пакетот-услуги доколку е применливо.

14.6. Давателот на платежни услуги ја брише целата табела доколку со платежната сметка не се нуди пакет-услуги или доколку пакетот-услуги се наплатува како дел од надоместок за кои било општи услуги поврзани со сметката.

14.7. Доколку давателот на платежни услуги нуди платежна сметка како дел од пакетот со други услуги поврзани со платежната сметка, но тој пакет го нуди и **го наплатува одделно од услугата одржување на сметка,** ги брише целиот ред во ИДН којшто се однесува на пакет-услуги кој се наоѓа во поднасловот *општи услуги поврзани со сметката* и исказот *услугите коишто ги надминуваат наведените количини се наплатуваат одделно*. Давателот на платежни услуги го прикажува таквиот пакет-услуги коишто се поврзани со платежната сметка во одделна табела ИДН со наслов *пакет-услуги* и ги наведува информациите коишто се пропишани во главата XI од ова упатство.

14.8. Како и кај ИДН без пакет, доколку давателот на платежни услуги користи *трговска марка*, може да ја наведе веднаш по набројувањето на услугите во квадратните загради во големина и стил на фонт. Давателот на платежни услуги е должен да му го направи достапен и **поимникот** на потрошувачот (глава IV од ова упатство).

14.9. Во *табелата* ***информации за дополнителни услуги*** се наведуваат дополнителни информации за секоја услуга којашто ја надминува количината на услугите опфатени со пакетот, доколку таквите информации веќе не се наведени во табелата *услуги и надоместоци* или доколку соодветниот надоместок за услугата се разликува од онаа наведена во табелата (на пример, до износ од 10.000 МКД надоместокот за услугата се наплатува на еден начин, а над тој износ на друг начин).
14.10. Доколку давателот на услугата нуди повеќе од еден пакет, а надоместоците се разликуваат во зависност од пакетот, давателот на платежни услуги ги наведува различните надоместоци за секој пакет и доколку е потребно, употребува трговска марка.
14.11. Доколку давателот на платежните услуги дава ИДН **без пакет-услуги,** ја брише табелата од ставки 14.9.
14.12. Давателот на платежните услуги може да изработи повеќе информативни документи за надоместоците за сметката, под услов секој од тие информативни документи за надоместоците да содржи барем еден пакет.

## IV. ПОИМНИК

15. Давателите на платежни услуги се должни на потрошувачот, заедно со ИДН, да му дадат и Поимник. Поимникот не е стандардизиран документ, но задолжително треба да ги опфаќа најмалку термините и дефинициите за најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка пропишани со Одлуката.
Поимникот претставува одделен документ, брошура, леток или сл., не е составен дел на ИДН и не треба да е на задната страна на ИДН.
16. Давателите на платежни услуги можат заедно со термините и дефинициите за најрепрезентативни услуги во Поимникот да додадат и други поими и објаснувања со цел потрошувачите подобро да го разберат значењето на одделните надоместоци.
17. Поимникот треба да биде напишан на едноставен начин, сублимирано, транспарентно и недвосмислено во лесно читлива големина на фонт, при што термините и дефинициите коишто ги содржи не смеат да бидат двосмислени.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ (ИН)

18. Давателите на платежни услуги се должни да му го дадат или да го направат достапен за потрошувачот **Извештајот за надоместоците** утврден во Прилог 2 на Одлуката (во натамошниот текст: образецот ИН, или ИН) (*англ. Statemenet of Fees*) којшто ги содржи информациите за сите пресметани камати и надоместоци, како и заработените (пасивни) камати коишто настанале во врска со користењето на платежната сметка на потрошувачот и услугите поврзани со сметката.

19. Извештајот за надоместоци му се дава на потрошувачот или е достапен на начинот за којшто потрошувачот се изјаснил при склучувањето на рамковниот договор за користење платежни услуги, односно онака како што потрошувачот веќе ги прима документите (на пример: извод од состојбата на сметката на хартија, е-пошта, во рамките на интернет-банкарство, во експозитура и слично) во согласност со важноста на договорните односи.

20. Давателите на платежни услуги се должни образецот на Извештајот за надоместоците да го употребуваат и да го пополнат придржувајќи се до содржината, формата, симболите, големината и стилот на фонтот, бојата, проредот и порамнувањето на текстот како што е пропишано со ова упатство, почитувајќи го редоследот на информациите, насловот и поднасловот на колоните утврден во образецот ИН. ИН задолжително:

- е прикажан во формат А4, вертикална ориентација;
- е печатен во црна и бела боја;
- содржи лого на давателот на платежни услуги и заеднички симбол со димензија 2,5 см x 2,5 см којшто задолжително е прикажан во согласност со предлогот утврден во образецот ИН; логото на давателот на платежни услуги и заедничкиот симбол може да бидат прикажани во боја, при што логото на давателот на платежни услуги мора да биде во иста величина како и заедничкиот симбол; доколку е во црно-бела боја, заедничкиот симбол мора да биде јасно читлив; логото на давателот на платежни услуги може да биде во боја само доколку заедничкиот симбол е во боја и се употребува пример на боја со референтен број 0/51/153 (хексадецимален запис: 003399), модел на боја RGB за основа и пример на боја 255/204/0 (хексадецимален запис: FFCC00), модел на боја RGB за симбол.
- содржи наслов „Извештај за надоместоците" на врвот на првата страница поставен централно помеѓу логото на давателот на платежни услуги во горниот лев агол на документот и заедничкиот симбол во горниот десен агол на документот;
- содржи наслови на колони во полутемна сива боја, употребувајќи пример на боја со референтен број 166, 166, 166 во модел на боја RGB, а поднасловите на колоните во светлосива боја, употребувајќи пример на боја со референтен број 191, 191, 191 во модел на боја RGB;
- е во стил на фонт Ариал или друг сличен на Ариал, големина на фонт 11, освен насловот „Извештај за надоместоците" којшто задолжително е печатен со големина на задебелен фонт 16, насловот на колоните коишто задолжително се печатени со големина на задебелен фонт 14 и поднасловите на колоните коишто задолжително се печатени со големина на задебелен фонт 12, освен доколку зголемувањето на големината на фонтот или употребата на Брајовото писмо за лицата со оштетен вид е договорена помеѓу потрошувачот и давателот на платежните услуги;
- Надоместоците во ИН се изразуваат во денари, а во друга валута само за нерезиденти доколку тоа е договорено помеѓу давателот на платежни услуги и потрошувачот;

- е со нумерирани страни.

21**.** Доколку платежната сметка за потрошувачот е **без надоместок**, т.е. за неа не се пресметувале надоместоци и камати во календарскиот период за кој е издаден ИН, давателот на платежни услуги може на потрошувачот да му достави извештај за надоместоците.

22. Доколку станува збор за неактивна сметка, давателот на платежни услуги може да му испраќа на потрошувачот извештај за надоместоците.

23. Доколку платежната сметка на потрошувачот е **блокирана**, давателот на платежни услуги во ИН ги прикажува сите надоместоци коишто му ги пресметал на потрошувачот во календарскиот период за кој е издаден ИН, без разлика на нивната подоцнежна наплата.

## VI. НАЧИН И ТЕХНИЧКИ СТАНДАРДИ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИН

**24.** Во продолжение на ова упатство се наведени детални напатствија во врска со начинот и техничките стандарди на пополнувањето на одделните делови од ИН.

### 24.1. Назив на давателот на платежни услуги

Давателот на платежни услуги ги заменува именувањата во квадратните загради од образецот ИН со својот назив, адреса, број на телефон, адреса на е-пошта, број на факс, интернет-адреса и лице или централна точка за контакт, коишто корисникот на платежните услуги во чие име давателот на платежните услуги ја отвора и ја одржува платежната сметка (во натамошниот текст: имателот на платежна сметка) може да ги користи во идна кореспонденција, печатено со задебелен фонт и порамнето од лево.

### 24.2. Име и контактни податоци на имателот на платежна сметка

Давателот на платежни услуги во квадратните загради од образецот ИН ги наведува името и презимето, како и адресата (адресата којашто потрошувачот ја навел за комуникација) на имателот на платежната сметка печатено со задебелен фонт, порамнето од лево и со мали букви, освен почетната буква на секој збор.

### 24.3. Платежна сметка

Давателите на платежни услуги го наведуваат називот на платежната сметка за којашто се издава ИН (на пример платежна сметка во денари, платежна сметка во евра) и/или категорија потрошувачи (на пример, вработени, пензионери, студенти, потрошувачи коишто ѝ припаѓаат на група корисници на одредени законски права итн.) со задебелен фонт, порамнето од лево и веднаш по соодветните зборови.

Надоместоците за кредитната картичка на потрошувачот кој има отворено повеќе сметки кај одреден дavател на платежни услуги се прикажуваат во ИН на платежната сметка со најголем број трансакции во календарскиот период за кој се издава ИН.

### 24.4. Идентификациска ознака на сметката

Давателите на платежни услуги го наведуваат ИБАН (меѓународниот број на платежната сметка), ББАН (основниот идентификациски број на платежната сметка кај давателот на платежните услуги) или друга идентификациска ознака на платежната сметката. Овие податоци се наведуваат порамнети од лево.

### 24.5. Период

Давателите на платежни услуги го наведуваат календарскиот период за кој се издава ИН во редот *период* којшто е опфатен со надоместоците, порамнето од лево.

### 24.6. Датум

Давателите на платежните услуги во редот *датум* го наведуваат календарскиот датум на кој е издаден ИН, порамнето од лево.

### 24.7. Воведна изјава

Се наведува идентичен текст на воведната изјава наведен во образецот ИН како што е утврден во прилогот 2 од Одлуката со проред 1,15 и 0 (нула) точки пред и 0 (нула) точки по текстот.

### 24.8. Сублимиран приказ на надоместоците и каматите

Давателите на платежни услуги во четири одделни табели под наслов *Сублимиран приказ на надоместоците и каматите* (примерот бр. 3 од прилогот бр. 1 на ова упатство) ги наведуваат вкупните износи на наплатените надоместоци и камати, со задебелен фонт и порамнето од лево при што износот на надоместоците се наведува во денари, и тоа:

- во табелата *Вкупно платени надоместоци* (вкупни надоместоци за пакет-услуги и вкупно платени надоместоци) се внесува вкупниот износ на сите наплатени надоместоци во календарскиот период за којшто се издава ИН, а којшто треба да биде еднаков со износот којшто се наведува во одделна табела на ИН со наслов *Детално известување за надоместоците платени за сметка*, во редот *Вкупно платени надоместоци*.

- во табелата *Вкупно платени камати* се наведува вкупниот износ на сите наплатени камати (активни и казнени). Овој износ треба да биде еднаков на вкупниот износ којшто се наведува во ИН во одделна табела под наслов *Детален приказ на каматите платени за сметка*, во редот *вкупно платени камати*. Доколку каматите не се применуваат на одредена платежна сметка или доколку вклучувањето на таквите информации е овозможено или пропишано со други национални прописи, давателите на платежни услуги наведуваат текст *каматите не се применуваат*, со мали букви порамнето од десно. Доколку каматите се применуваат, но за одреден период изнесуваат нула, давателите на платежни услуги наведуваат износ 0,00 МКД во соодветната табела.

- во табелата *Вкупно заработени камати* се прикажуваат сите пасивни камати. Овој износ треба да биде еднаков на вкупниот износ којшто се наведува во ИН

во одделна табела со назив *Детален приказ на каматите заработени на сметка*, во редот *вкупно заработени камати*. Доколку каматите не се применуваат на одредена платежна сметка, давателите на платежни услуги задолжително наведуваат текст: *каматите не се применуваат*. Доколку каматите се применуваат на одреден начин, но за одреден период износот е нула, се внесува износ **0,00** во соодветната табела.
Давателите на платежни услуги ја бришат табелата *Сеопфатен показател на трошоците*.

### 24.9. Детален извештај за надоместоците платени за платежната сметка

24.9.1. Во делот од ИН со наслов *Детален извештај за надоместоците платени за платежна сметка* давателите на платежни услуги ги наведуваат сите надоместоци коишто настанале во календарскиот период за којшто се издава ИН за соодветните услуги.

24.9.2. ИН содржи информации за сите наплатени надоместоци за услугите поврзани со платежната сметка, а не само со надоместоците за најрепрезентативните услуги. При определување на тоа кои надоместоци ќе се прикажат во ИН, а кои не, треба да се води сметка за дефиницијата на услугите поврзани со платежната сметка од Законот, како и кои услуги се блиску поврзани со нив.

24.9.3. Оваа табела е поделена на два дела, т.е. на колона *услуги* и колона *надоместоци*. Колоната *услуги* има две потколони *услуги* и *колку пати се користела услугата*, а потколоната *надоместоци* има три потколони *единична цена, колку пати е наплатена услугата и вкупно*.

24.9.4. Давателите на платежни услуги ги наведуваат услугите во потколоната *услуги* со задебелен фонт и порамнето од лево, со еднократен проред, 0 (нула) точки пред и 0 (нула) точки по секоја услуга.

24.9.5. Давателите на платежни услуги во потколоната *колку пати се користела услугата* наведуваат колку пати се користела секоја од услугите за време на релевантниот календарски период опфатен со извештајот за надоместоците, порамнето од лево и со стил и големина на фонт пропишан во алинеја 6, точка 20 од глава V од ова упатство.

24.9.6. Давателите на платежни услуги оставаат празна потколона *колку пати се користела услугата* во случаите кога услугата се користела, но давателот на платежни услуги не наплатил надоместок за таа услуга.

24.9.7. Во потколоната *услуги* се наведуваат термините на **најрепрезентативните услуги од Одлуката,** како и термините на **сите останати услуги** поврзани со платежната сметка за кои се наплатени

надоместоци во соодветниот период, според постоечката терминологија од **тарифата** за надоместоци на секој давател на платежни услуги.

24.9.8. Најрепрезентативните услуги за кои се наплатуваат надоместоци задолжително се разделуваат, доколку биле наплатени во предметниот календарски период, во поднаслови (поткатегории) на табелата *Детален извештај за надоместоците платени за сметка* на начин како што се разделени и во ИДН Општи услуги поврзани со сметка (*Одржување на сметка, онлајн*); Плаќање (освен картички) (*Кредитен трансфер во денари во земјата; Кредитен трансфер во евра во странство; Кредитен трансфер во валута различна од евра во странство; Прилив од странство; Траен налог*), Картички и готовина (*Издавање на дебитни картички; Издавање на кредитни картички; подигнување готовина*); Дозволено пречекорување и поврзани услуги (*Дозволено пречекорување*) и Останати услуги.

24.9.9. Кај приказот на наплатени надоместоци за картички, во ИН е потребно да се наведат наплатените надоместоци за сите картички со кои потрошувачот се користел за периодот за којшто е издаден ИН.

24.9.10. Останатите услуги поврзани со платежната сметка за коишто се наплатени надоместоци, но коишто услуги не се најрепрезентативни, потребно е да се разделат во наведени поткатегории според своето значење, т.е. суштината на секоја услуга.

24.9.11. Сите услуги за коишто се наплатени надоместоци, а по својата суштина не одговараат на ниту една од одредените поткатегории во табелата, се наведуваат во поднасловот *Останати услуги* (на пример, реиздавање ПИН, реиздавање картичка, испраќање дополнителен извештај на барање итн.).

24.9.12. Давателите на платежни услуги го бришат поднасловот којшто не содржи ниту една услуга за која е наплатен надоместок од давателот на платежни услуги или доколку имателот на платежната сметка не користел дополнителен број услуги, освен оние во бесплатни количини назначени во пакетот-услуги за времетраење на релевантниот период.

24.9.13. Давателите на платежни услуги коишто користат **трговска марка** може да ја наведат по наведувањето на услугата во квадратните загради.

24.9.14. Во потколоната *колку пати се користела услугата* се наведува колку пати се користела секоја од услугите за времетраењето на релевантниот период опфатен со ИН. Давателите на платежни услуги во соодветната потколона наведуваат текст *услугата не е наплатена* во следниве случаи:
(1) услугата се користела, но давателот на платежни услуги не наплатил надоместок за таа услуга, и

(2) вклучувањето на таквите информации е овозможено или е пропишано со национални прописи.

24.9.15. Во потколоната *единична цена* ја наведуваат структурата на единичната цена и трошокот на секоја услуга којашто се користела. За тарифните ставки за кои не се наплатува надоместок или надоместокот е 0,00 секогаш се впишува 0,00 МКД. Доколку надоместокот се менувал во извештајниот период, потребно е во потколоната *услуга* да се наведе периодот во којшто се наплатува одредениот надоместок и преостанатите колони во табелата се делат на редови и соодветно се пополнуваат.

24.9.16. Во потколоната *колку пати е наплатена услугата* се наведува колку пати секоја од услугите е наплатена за времетраење на релевантниот период опфатен со извештајот за надоместоците или се наведува текст *надоместок не е наплатен*, порамнето од десно.

24.9.17. Во потколоната *вкупно* се наведува вкупниот износ на надоместоци за користење на таа услуга во текот на релевантниот календарски период (единична цена x број колку пати е наплатен надоместокот). Износот се наведува во денари со задебелен фонт.

24.9.18. Доколку поднасловот не опфаќа никакви услуги, давателите на платежни услуги го бришат поднасловот *Општи услуги поврзани со сметка*. Давателите на платежни услуги го бришат тој поднаслов и доколку имателот на платежната сметка не користел услуги освен во количината од назначените пакети-услуги за време на целиот релевантен период.

24.9.19. Доколку потрошувачот не користел ниту една услуга од одреден поднаслов (примерот бр. 4 од прилогот бр. 1 на ова упатство *Општи услуги поврзани со сметка*) и не му е наплатен ниту еден надоместок во тој поднаслов, давателите на платежни услуги го бришат тој поднаслов од ИН.

24.9.20. Доколку давателот на платежни услуги наплатува одделни надоместоци **на една или повеќе сметки** (на пример, надоместок за воспоставување и користење на таа услуга), надоместоци во зависност од начинот на овозможување на тие услуги (телефонски, во експозитура, на интернет и сл.) или надоместоци во зависност од тоа дали е исполнет некој услов (на пример, најмалиот или најголемиот износ за кредитен трансфер или подигнување готовина и сл.), давателот на платежни услуги во табелата *Детален извештај за надоместоците платени за сметка* во колоната *услуга*, за соодветната услуга, во одделен ред го наведува описот на секој случај, начин или услов на наплатена камата.

## 24.10. Детален извештај на каматите платени за услугите поврзани со платежната сметка

24.10.1. Во табелата ***Детален извештај на каматите платени за услугите поврзани со платежната сметка*** (примерот бр. 5 од прилогот бр. 1 на ова упатство) во ИН давателите на платежни услуги ги наведуваат каматната стапка (активна и казнена) и износот на каматите во денари кои на потрошувачот му се наплатени за времетраење на календарскиот период за кој се изработува ИН.

24.10.2. Во колоната *каматна стапка* се наведува каматната стапка којашто се пресметува на годишна основа. Доколку каматната стапка се менувала за времетраењето на релевантниот календарски период, давателот на платежни услуги ја наведува секоја од каматните стапки којашто се применувала за времетраењето на секој од периодите во одделен ред.

24.10.3. Во колоната *камата* давателот на платежни услуги го наведува износот на каматата којашто е наплатена од потрошувачот, изразена во денари или во валута на платежната сметка и со задебелен фонт. Доколку каматната стапка се менувала за времетраењето на релевантниот период, давателот на платежни услуги го наведува вкупниот износ на каматата којашто се наплатила одделно во одделен ред.

24.10.4. Во редот *вкупно платени камати* давателот на платежни услуги го наведува вкупниот износ на камата којшто на имателот на платежна сметка му е наплатен за календарскиот период за којшто се изработува ИН, со задебелен фонт.

24.10.5. Доколку на имателот на платежната сметка не му се наплатува камата, бидејќи за таа платежна сметка не се применува, давателот на платежни услуги во овој ред наведува текст *каматите не се применуваат*, порамнето од лево, со задебелен фонт, во редот *вкупно платени камати*.

## 24.11. Детален извештај на каматите заработени на платежната сметка

24.11.1. Во табелата *Детален извештај на каматите заработени на платежната сметка* (примерот бр. 6 од прилогот бр. 1 на ова упатство) давателите на платежни услуги ја наведуваат пасивната каматна стапка и износот на каматата во денари коишто му се платени на потрошувачот за времетраење на календарскиот период за кое се изработува ИН.

24.11.2. Давателот на платежни услуги го заменува текстот *назив на сметка* во табелата со називот којшто е соодветен за таа платежна сметка, со задебелен фонт.

24.11.3. Доколку за сметката се применува каматната стапка, во колоната *каматна стапка* давателите на платежни услуги ја наведуваат каматната стапка

како процент којшто се применува на годишна основа. Доколку каматната стапка се менувала за времетраењето на целиот релевантен период, давателите на платежни услуги ја наведуваат секоја каматна стапка којашто се применувала за времетраењето на секој од периодите во одделен ред.

24.11.4. Во колоната *камата* давателот на платежни услуги го наведува износот на каматата во денари или изразена во друга валута на платежната сметка и печатена со задебелен фонт којашто ја заработил имателот на платежната сметка. Доколку каматната стапка се менувала за времетраењето на целиот период којшто е опфатен со ИН, давателите на платежни услуги ја наведуваат каматата којшто имателот на платежна сметка ја заработил одделно за секој од релевантните периоди, секоја во одделен ред.

24.11.5. Доколку каматната стапка е применлива, но за одделен период изнесува 0 (нула), давателите на платежни услуги во колоната *камата* наведуваат 0,00 денари.

24.11.6. Доколку за одредена платежна сметка камата не е применлива, давателите на платежни услуги во колоната *камата* го наведуваат текстот *каматите не се применуваат* со мали букви, порамнето од лево.

24.11.7. Во редот *вкупно заработени камати* давателите на платежни услуги го наведуваат вкупниот износ на камата во денари коишто имателот на платежната сметка го заработил во текот на целиот период којшто е опфатен со ИН.

**24.12. Приказ на пакетот-услуги во ИН**

24.12.1. Како што е наведено и кај ИДН, давателот на платежни услуги може пакетот-услуги поврзани со платежната сметка да го наплатува како дел од надоместокот за услугата одржување на сметка или одделно.

24.12.2. Давателот на платежни услуги изработува еден ИН за еден пакет-услуги.

24.12.3. Последователно, за таквиот пакет-услуги давателот на платежни услуги е должен да даде ИН или да го направи достапен за потрошувачот, со наплатени надоместоци за тој пакет за референтниот календарски период. Давателот на платежни услуги ги изразува таквите пакети во ИН во согласност со ова упатство.

24.12.4. Доколку давателот на платежни услуги го **наплатува** пакетот-услуги како **дел од надоместокот** за услугата одржување на сметка, давателот на платежни услуги во табелата *Детален извештај за надоместоците платени за сметка*, во поднасловот *Општи услуги поврзани со сметка*, потколоната *услуги* и во редот за *пакет-услуги* ги наведува информациите за висината на сите услуги вклучени во пакетот (на ист начин како што се наведени услугите во ИДН, без разлика на тоа дали потрошувачот се служел со сите или само со дел од услугите

вклучени во пакетот) и во потколоната *колку пати се служел со услугата* се наведува колку пати потрошувачот се служел со тој пакет.

24.12.5. Во колоната *надоместоци*, потколоната *единична цена* давателот на платежни услуги го наведува надоместокот којшто се наплатува за пакет како целина и во потколоната *колку пати е наплатен надоместокот* се наведува колку пати е наплатен надоместокот за пакетот во текот на целиот релевантен календарски период, во одделен ред.

24.12.6. Сите надоместоци коишто се наплатуваат за услугите коишто ја надминуваат количината  опфатена со пакетот-услуги се наведуваат во табелата *Детален извештај за надоместоците платени за сметка* во продолжение на ИН, со попис на услугите и надоместоците. Доколку бројот на услуги во пакетот не е ограничен или бесплатните количини на услугите опфатени со пакетот не се надминати, давателот на платежни услуги ја брише реченицата *услугите коишто ги надминуваат овие количини се наплатуваат одделно*.

24.12.7. Доколку имателот на платежната сметка не користел услуги освен во бесплатните количини назначени во пакетот-услуги во текот на релевантниот период, давателите на платежни услуги го бришат соодветниот наслов за таа услуга во ИН.

24.12.8. Доколку давателот на платежни услуги наплатува пакет-услуги **како дел од надоместокот** за услугата одржување на сметка, одделна табела во ИН со назив *детален извештај за надоместоците вклучени во пакет-услуги*, се брише од ИН.

24.12.9. Доколку пакетот-услуги поврзани со платежната сметка се нуди со платежната сметка и се наплатува како дел од надоместокот во поднасловот *Општи услови поврзани со платежната сметка*, давателите на платежни услуги во табелата *Детален извештај за надоместоците платени за платежната сметка* во редот за *пакет-услуги* исто така наведуваат информации за услугите вклучени во пакетот во колоната *услуги*, како и колку пати се користел тој пакет во колоната *колку пати се користел тој пакет*. Во поднасловот *надоместок* давателите на платежни услуги го наведуваат надоместокот којшто се наплатува за пакет како целина, како и колку пати е наплатен надоместок за пакетот за соодветниот период како што е пропишано со ова упатство. Редот се брише доколку пакетот-услуги се наплатува одделно од надоместоците за општи услуги поврзани со платежната сметка.

24.12.10. Сите надоместоци коишто се наплатуваат за услуги коишто ја надминуваат количината опфатена со пакетот се дадени во табелата со наведување на услугите и надоместоците како што е пропишано со ова упатство.

24.12.11. Доколку бројот на услуги во пакетот не е ограничен или количините на услугите опфатени со пакетот не се надминати, давателите на платежни услуги

ја бришат изјавата на дното на редот *услугите коишто ја надминуваат оваа количина се наплатуваат одделно*.

24.12.12. Доколку давателот на платежни услуги нуди платежна сметка на потрошувачот во пакет со други услуги поврзани со платежната сметка, но тој пакет се нуди и **се наплатува одделно од услугата одржување на сметка**, давателот на платежни услуги го брише целиот ред во ИН во табелата *Детално известување за надоместоците платени за сметка*, во поднасловот *Општи услови поврзани со сметка*, коишто се однесуваат на пакетот-услуги. Давателот на платежни услуги го прикажува таквиот пакет во одделна табела во ИН под наслов *Детален извештај на надоместоците вклучени во пакетот-услуги* и наведува информации пропишани со потточка 24.9. од точка 24 од ова упатство.

### 24.13. Приказ на пакет-услуги наплатен одделно од надоместоците наведени во поднасловот „Општи услови поврзани со платежната сметка"

24.13.1. Доколку давателот на платежни услуги нуди пакет-услуги поврзани со платежната сметка, и тој пакет се наплатува одделно од надоместок под поднаслов *Општи услови поврзани со платежната сметка* за општите услуги поврзани со платежната сметка како што се наведени во табелата со услугите и надоместоците, давателот на платежни услуги во табелата со пакетот-услуги ги наведува и следниве информации:

- во колоната за пакет-услуги трговската марка, според потребите, или содржина на пакетот, со бришење на квадратните загради.
- во колоната *надоместок*, надоместокот којшто се наплатува за пакетот како целина за периодот опфатен со ИН, порамнето на десно.
- третата колона опфаќа колку пати надоместокот за пакетот е наплатен во соодветниот период.

24.13.2. Сите дополнителни надоместоци коишто се наплатуваат за услугите коишто ги надминуваат количините опфатени со надоместокот за пакет-услуги се наведуваат во табелата за услуги и надоместоци.

24.13.3. Доколку пакетот редовно се наплатува, во колоната *надоместок* се назначува фреквенција на наплатата, порамнето од лево и во редот веднаш под него, вкупниот годишен трошок, со задебелен фонт, со текст *вкупен годишен надоместок*.

24.13.4. Доколку за различни пакети во релевантниот период се наплатуваат различни надоместоци, за секој пакет во одделната табела се наведуваат информации од точка 1 од оваа глава.

24.13.5. Давателите на платежни услуги ја бришат целата табела, вклучувајќи го и насловот *Детален приказ на надоместоците вклучени во пакетот-услуги*, доколку пакетот-услуги не се нуди со платежната сметка, или доколку пакетот-

услуги кој се овозможува со платежната сметка се наплатува како дел од надоместоците за општи услуги поврзани со платежната сметка.

24.13.6. Доколку бројот на сите услуги во пакетот не е ограничен или количините на услугите опфатени со пакетот не се надминати, давателите на платежни услуги ја бришат изјавата на дното на табелата којашто гласи *услуги кои ги надминуваат овие количини се наплатуваат одделно*.

**24.14. Дополнителни информации**

Во табелата *Дополнителни информации* давателите на платежни услуги ги наведуваат сите дополнителни информации коишто се соодветни и директно поврзани со наплатата на услугите и надоместоците, пресметаните или заработени камати или со применетите каматни стапки за времетраење на целиот период којшто е опфатен со ИН. **Во оваа табела давателите на платежни услуги наведуваат колку изнесуваат ненаплатените надоместоци и камати на одреден датум, но само за тоа што е пресметано во календарскиот период за којшто се изработува ИН**. Давателите на платежни услуги во табелата *Дополнителни информации* наведуваат какви било дополнителни информации од оние опфатени во одредбите од точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 од оваа глава, коишто се директно поврзани со платежните услуги или надоместоци, пресметани или заработени камати или применети каматни стапки, за време на периодот опфатен во ИН. Давателот на платежни услуги ја брише табелата *Дополнителни информации* доколку во неа не наведува ниту една од предметните информации.

**24.15 Трговски марки**

Доколку се употребува трговска марка, се наведува во квадратни загради веднаш по терминот на услугата со фонт пропишан во алинеја 6, точка 20 од глава V од ова упатство.

**VII. УПОТРЕБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ СРЕДСТВА**

25. Доколку ИДН, односно ИН се изготвува и се доставува по електронски пат, давателите на платежни услуги може да го изменат образецот ИДН, односно ИН само како што е утврдено со оваа точка, под услов потрошувачот истовремено да добие копија од ИН во согласност со предлогот утврден во прилогот 2 од Одлуката и пополнет како што е пропишано со одредбите од глава VI од ова упатство:

- Доколку димензиите на електронските алатки, при употребата на неколку табели и колони, го отежнуваат читањето на ИДН, односно ИН, може да се употреби само една колона или една табела, под услов да остане редоследот на информациите, насловите и поднасловите;
- Доколку се користат електронски алатки, како што се слоеви (*англ. layer*) и скок-прозорци (*англ. pop–up window*), давателите на платежни услуги задолжително видливо го прикажуваат насловот на ИДН, односно ИН, заедничкиот симбол, воведните изјави, насловите и поднасловите и се зачувува редоследот на информациите.
- Со употребата на електронските алатки од алинеја 2 став 1 од оваа точка давателите на платежни услуги не смеат да го одвлечат вниманието на

потрошувачот од информациите во ИДН односно ИН додека слоевите и скок прозорците може да ги содржат единствено информациите од ова упатство.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

26. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**У бр. 02-1710/1**
**18.01.2023 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**П Р И Л О Г 1**

**Пример бр. 1**

| **Услуга** | **Надоместок** | |
|---|---|---|
| **Општи услуги поврзани со платежна сметка** | | |
| Одржување на платежна сметка [трговска марка] | Месечен надоместок**:** | **10,00 МКД** |
| | **Вкупен годишен надоместок:** | **120,00 МКД** |
| | Сметка за пензионери | |
| | Месечен надоместок: | **5,00 МКД** |
| | **Вкупен годишен надоместок:** | **60,00 МКД** |
| Онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка | Користење интернет [трговска марка] | |
| | Месечен надоместок | 10,00 МКД |
| | **Вкупен годишен надоместок:** | **120,00 МКД** |
| | Користење мобилна апликација [трговска марка] | |
| | Месечен надоместок | 8,00 МКД |
| | **Вкупен годишен надоместок:** | **96,00 МКД** |
| **Плаќање (освен со картички )** | | |
| **Кредитен трансфер** во денари во земјата | Плаќање во корист на сметка на физички лица кај давателот на платежни услуги | без надоместок |
| | Плаќање во корист на сметка на правни лица кај давателот на платежни услуги | |
| | шалтер | 5,00 МКД |
| | интернет | 1,00 МКД |
| | мобилна апликација | 2,00 МКД |
| | Плаќање во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги | |
| | шалтер | 10,00 МКД |
| | интернет | 2,00 МКД |
| | мобилна апликација | 10,00 МКД |
| **Кредитен трансфер** | Плаќање во евра во странство | |
| | шалтер | 100,00 МКД |
| | интернет и мобилна апликација | 0,20% од износот |

| | |
|---|---|
| во евра во странство | |
| **Кредитен трансфер** во валута различна од евра во странство | Услугата не е достапна |
| **Прилив од странство** | Обработка на налог од странство 7,00 МКД |
| **Траен налог** | Договарање траен налог 5,00 МКД<br><br>Извршување траен налог во корист на сметка кај давателот на платежни услуги без надоместок |
| **Картички и готовина** | |
| **Издавање на дебитна картичка** | Уписнина 50,00 МКД<br>Годишна членарина 100,00 МКД |
| **Издавање на кредитна картичка** | Уписнина 100,00 МКД<br>Годишна членарина 100,00 МКД |
| **Повлекување готовина на шалтер** | Подигнување готовина на шалтер на давателот на платежни услуги 5% од исплатен износ, мин. 100 МКД |
| **Повлекување готовина** со дебитна картичка на банкомат | Подигнување готовина на банкомат на давателот на платежни услуги без надоместок<br><br>Подигнување готовина на банкомат кај друг давател на платежни услуги во земјата 2% од исплатен износ + 7,00 МКД |

| | | |
|---|---|---|
| **Повлекување готовина** со кредитна картичка на банкомат | Подигнување готовина на банкомат во странство | 3% од исплатен износ + 15,00 МКД |
| | Подигнување готовина на банкомат на давателот на платежни услуги | 3% + 20,00 МКД |
| | Подигнување готовина на банкомат кај друг давател на платежни услуги во земјата | 2% + 7,00 МКД |
| | Подигнување готовина на банкомат во странство | 3% + 15,00 МКД |
| **Дозволено пречекорување** | | |
| **Дозволено пречекорување** | **Годишна каматна стапка** | 7,09% фиксна |

**Пример бр. 2. Пополнување ИДН за платежна сметка на потрошувачот којашто се нуди како дел од пакетот други услуги поврзани со платежната сметка**

| Услуга | Надоместок |
|---|---|
| **Општи услуги поврзани со платежна сметка** | |
| Одржување на платежна сметка<br>(пакет 1)<br><br>Вклучува пакет-услуги коишто се состојат од:<br>- Одржување платежна сметка во денари<br>- Камата на дозволено пречекорување 8,10%<br>- Одржување платежна сметка во евра<br>- Услуги на интернет [трговска марка]<br>- 10 бесплатни безготовински кредитни трансфери (иницирани преку интернет или траен налог во корист на сметка кај давателот на платежни услуги)<br>- кредитна картичка со одложено плаќање<br>- дебитна картичка<br>- договарање траен налог без надоместок<br><br>Услугите коишто ги надминуваат наведените количини се наплатуваат одделно<br><br>Онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка | Месечен надоместок: 40,00 МКД<br>**Вкупен годишен надоместок: 480,00 МКД**<br><br>Користење мобилна апликација [трговска марка]<br>Месечен надоместок: 8,00 МКД<br>**Вкупен годишен надоместок: 96,00 МКД** |
| **Плаќање (освен со картички)** | |
| **Кредитен трансфер**<br>во денари во земјата | Плаќање во корист на сметка на физички лица кај давателот на платежни услуги — Без надоместок |

| | |
|---|---|
| | Плаќање во корист на сметка<br>на правни лица кај<br>давателот на платежни услуги<br>интернет 1,00 МКД<br>мобилна апликација 2,00 МКД<br><br>Плаќање во корист на сметка<br>кај друг давател<br>на платежни услуги<br>интернет 1,00 МКД<br>мобилна апликација 2,00 МКД |
| **Кредитен трансфер**<br>во евра во странство | Плаќање во евра во странство<br>интернет и мобилен 0,20% од износот<br>мин. 25,00 МКД<br>макс. 150,00 МКД |
| **Кредитен трансфер**<br>во валута различна од евра во странство | Услугата не е достапна |
| **Прилив од странство** | Обработка на налог од странство 7,00 МКД |
| **Траен налог** | Извршување траен налог<br>во корист на сметка<br>кај давателот на платежни услуги без надоместок<br><br>Извршување траен налог<br>во корист на сметка<br>кај друг<br>давател на платежни услуги 2,00 МКД |
| **Картички и готовина** | |
| **Повлекување готовина на шалтер** | |
| **Повлекување готовина**<br>со дебитна картичка на банкомат | Подигнување готовина без надоместок<br>на банкомат на давателот<br>на платежни услуги<br><br>Подигнување готовина |

| | | |
|---|---|---|
| | на банкомат кај друг давател на платежни услуги во земјата | 2% од исплатен износ + 7,00 МКД |
| | Подигнување готовина на банкомат во странство | 3% од исплатен износ + 15,00 МКД |
| **Повлекување готовина** со кредитна картичка на банкомат | Подигнување готовина на банкомат на давателот на платежни услуги | 3 % + 20,00 МКД |
| | Подигнување готовина на банкомат кај друг давател на платежни услуги во земјата | 2% + 7,00 МКД |
| | Подигнување готовина на банкомат во странство | 3% + 15,00 МКД |

Примерот бр. 2. го прикажува пакетот којшто заедно со услугата *одржување на сметка* нуди и услуга издавање на кредитна картичка, договарање траен налог и услуга на пречекорување. Во согласност со тоа, давателот на платежни услуги не е должен повторно да ги наведува тие услуги и надоместоците за нив во долниот дел на ИДН.
Доколку пакетот-услуги поврзани со платежната сметка ги опфаќа и т.н. интернет услуги, но не и на мобилна апликација, давателот на платежни услуги кај услугата *онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка* во продолжение на ИДН го наведува само надоместокот за користење мобилна апликација (како што е во примерот 2). Но, доколку пакетот опфаќа и интернет и мобилна апликација, давателот на платежни услуги го брише целиот ред на одделната услуга *онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка* во ИДН, бидејќи надоместокот за таа услуга е опфатен со надоместокот за пакет-услуги.

**Пример бр. 3. Сублимиран приказ на надоместоците и каматите во ИН**

**Сублимиран приказ на надоместоци и камати**

| | |
|---|---|
| **Вкупно платени надоместоци (вкупни надоместоци за пакет услуги и вкупни платени надоместоци)** | **МКД** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно платени камати** | **МКД** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно заработени камати** | **камати не се применуваат** |

**Пример бр. 4. Пример на пополнување на ИН за делот „Општи услуги поврзани со сметка".**

| **Услуга** | | **Надоместок** | | |
|---|---|---|---|---|
| Услуга | Колку пати се користела услугата | Единична цена | Колку пати е наплатена услугата | Вкупно |
| **Општи услуги поврзани со сметка** | | | | |
| **Одржување на сметка (пакет 1)** | 12 | 10,00 МКД | 12 | **120,00 МКД** |
| **Онлајн користење на услуги**<br>Користење на интернет [трговска марка] | 12 | 10,00 МКД | 12 | **120,00 МКД** |
| Користење мобилна апликација [трговска марка] | 12 | 9,00 МКД | 12 | **108,00 МКД** |
| **Издавање токен** | 1 | 0,00 МКД | Надоместокот не е наплатен | **0,00 МКД** |
| **Договарање и користење платежна сметка во денари од страна на овластено лице** | 12 | 2,00 МКД | 12 | **24,00 МКД** |

**Пример бр. 5. Пример за пополнување на делот од ИН „Детален извештај за каматите платени за сметка"**

| | Каматна стапка | Камата |
|---|---|---|
| Редовна камата на дозволено пречекорување<br>1.1.2020 – 31.03.2020<br>1.4.2020 – 31.12.2020 | <br>7,40%<br>7,07% | <br>**257,60 МКД**<br>**20,05 МКД** |
| Камата платена на искористени парични средства над сопствените средства или над средствата од дозволеното пречекорување<br>1.1.2020 – 30.06.2020<br>1.7.2020 – 31.12.2020 | <br><br>9,09%<br>9,05% | <br><br>**630,02 МКД**<br>**452,00 МКД** |
| **Вкупно платени камати** | | **1.359,75 МКД** |

**Пример бр. 6. Пример на пополнување на делот од ИН „Детален извештај на каматите заработени на платежната сметка".**

| | Каматна стапка | Камата |
|---|---|---|
| **Денарска платежна сметка – студенти**<br>1.1.2020 – 31.03.2020<br>1.4.2020 – 31.12.2020 | <br>0,01%<br>0,10% | <br>**3,10 МКД**<br>**25,05 МКД** |
| **Вкупно заработени камати** | | **28,15 МКД** |

**Пример бр. 7. Приказ на пакет-услуги наплатен како дел од надоместок за услугата одржување на сметка во поднасловот *Општи услови поврзани со сметка***

| **Услуга** | | **Надоместок** | | |
|---|---|---|---|---|
| Услуга | Колку пати се користела услугата | Единична цена | Колку пати е наплатена услугата | Вкупно |
| **Општи услуги поврзани со платежната сметка** | | | | |
| **Одржување на сметка (пакет 1)**<br>Вклучува пакет-услуги кој се состои од:<br>- водење денарска платежна сметка<br>- водење девизна платежна сметка<br>- користење услуги на интернет<br>- користење СМС-услуги | 12 | 60,00 МКД | 12 | **720,00 МКД** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - 10 бесплатни безготовински налози за плаќање во денари или плаќање со траен налог<br>- 1 кредитна картичка по избор<br><br>Услугите коишто ја надминуваат оваа количина се наплатуваат одделно. | | | | |
| **Онлајн користење на услуги**<br>Користење мобилна апликација [трговска марка] | 12 | 9,00 МКД | 12 | **108,00 МКД** |
| **Издавање токен** | 1 | 0,00 МКД | Надоместокот не е наплатен | **0,00 МКД** |
| **Договарање и користење платежна сметка во денари од страна на ополномоштено лице** | 12 | 2,00 МКД | 12 | **24,00 МКД** |